**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-116/6**

**Скопје, 03.03.2009 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„БЛАЖЕ КОНЕСКИ„ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св Кирил и Методиј„, Филолошки факултет „Блаже Конески„ Скопје - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2007 година, кои се прикажани на страните 9, 10 и 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ , Филолошки факултет „Блаже Конески„ Скопје - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   – проф. д-р Максим Каранфиловски, декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 24.11.2008 -16.01.2009 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.02.2009 година примени се под архивски број 0904 116/4 забелешки по точките 10.2.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.5 и 10.3.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани при што е одлучено истите да не се прифатат бидејќи не се изнесени нови докази кои ги побиваат наодите на ревизијата.
11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

11.1.1. Признавањето на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи на Филолошкиот факултет Скопје не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што има за ефект неусогласеност на вишокот на приходи за пренос во наредната година со паричните средства и не усогласеност на изворите на капитални средства со сегашната вредност на постојаните средства.

**Препорака:**

1 Одговорниот сметководител да ги усогласи евидентираните сметководствени промени според буџетското начело на парично искажување и истиот принцип да го применува во наредниот период.

### 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Врз основа на извештаите за ангажираност на професорите од Одделот за настава по странски јазици на нематични факултети на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„Скопје, ревизијата утврди дека приходите од вршење на дејност на нематични факултети не се целосно остварени. Сите факултети на кои што се изведува настава по странски јазици од страна на Филолошкиот факултет не ги потпишале договорите за уредување на меѓусебните права и обврски, спротивно на Одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематични факултети на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј„ во Скопје. Поради непотпишување на договорите од страна на некои нематични факултети, Филолошкиот факултет не издал фактури за извршените услуги, што има за ефект неостварени приходи од наставно-образовна дејност на нематични факултети во износ од 2.520 илјади денари.

11.2.2. Од ставката договорни услуги се исплатени 26.175 илјади денари по основ на „зголемен обем на работа" за сите вработени на Факултетот, во форма на авторско дело. Исплатите се поткрепени со решенија за исплата на средства, кои месечно се донесувани од Деканот на Филолошкиот факултет, врз основа на Одлука на Деканската управа бр. 02-203/2 од 28.02.2007 година.

Поединечните исплати се состојат од: фиксен надоместок и варијабилен надоместок. Фиксниот надоместок за наставничкиот и соработничкиот кадар зависи од наставно-научното/стручното или соработничкото звање, за вработените во раководните и управните активности од функцијата (декан, продекан, шеф на катедра, раководител на оддел, секретар и шеф на отсек), а за вработените во стручната служба од степенот на образование. Варијабилниот надоместок за наставничкиот и соработничкиот кадар зависи од часовите за предавања и вежби над нормата, бројот на испитани кандидати во испитните сесии и бројот на пријавени семинарски работи. Варијабилниот надоместок за вработените во Стручната служба зависи од висината на варијабилниот надоместок на наставно-научниот/стручниот и соработничкиот кадар, според методологија која не е регулирана со ниту еден нормативен акт на Факултетот.

Ревизијата не доби доволно докази да се увери во објективноста и реалноста на расходите за зголемен обем на работа, поради следното:

- најголем дел од исплатениот износ се однесува на фиксниот надоместок чија што исплата зависи од наставно-научното/стручното или соработничкото звање односно степенот на образование за стручната служба, а не од реалната ангажираност на вработените кое не упатува на зголемен обем на работа, ниту на авторско дело согласно Законот за авторското право и и сродните права;
- фиксниот надоместок за зголемен обем на работа на деканот, продеканите, шефовите на катедри, раководителите на оддели, секретарот и шефовите на отсеци не зависи од функцијата при вршењето на управни и раководни активности за што истите добиваат функционални додатоци кон основната плата;
- дел од наставниците и соработниците пријавувале часови над нормираниот обем за исплата на варијабилен надоместок иако фондот на часови на одделни наставници и соработници е помал од нормираниот обем на часови за исплата на варијабилен надоместок, кое ревизијата го утврди со увид во месечните пријавни листови за нивната фактичка ангажираност во текот на целата студиска година. Со Одлука на Деканската управа бр 02-148/1 од 24.02.2004 година основа за утврдување на варијабилниот надоместок за вработените со наставно-научни и соработнички звања е 8 часа неделно односно 240 часа годишно, а за вработените со наставно-стручни звања 12 часа неделно односно 360 часа годишно;
- во месечните прегледи на ангажираност не се наведуваат одржаните часови по одделни предмети во текот на семестарот поради што ревизијата не можеше да се увери дали предметите се активни и ако е тоа случај, дали се изведува редовна или менторска настава;
- со споредба на податоците за фактичката ангажираност на наставниците и соработниците по одделни предмети утврдени се случаи на двојно прикажување на часовите и кај наставникот и кај соработникот /соработниците, поради не поврзување на податоците за фактички одржаните часови по предмети при обработка на месечните пријавни листови од страна на Комисијата за утврдување на варијабилен надоместок;

- спроведувањето на испитите според бројот на кандидати и прегледаните семинарски трудови, спаѓа во основните работни обврски на наставниците и соработниците, а не во дополнителни активности;
- исплатата на варијабилен надоместок за зголемен обем на работа на вработените во стручната служба не зависи од интензитетот на предавањата и вежбите на наставничкиот и соработничкиот кадар, посебно што истите остваруваат дополнителни варијабилни надоместоци и по многу други основи утврдени со Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход, распоредување на личните доходи и заедничката потрошувачка и другите лични примања на Филолошкиот факултет во Скопје.

Наведеното придонесува за неоправдано повисоки исплати по основ на зголемен обем на работа на вработените на Факултетот.

11.2.3. Согласно „Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход, распоредување на личните доходи и заедничката потрошувачка и другите лични примања на Филолошкиот факултет во Скопје" на вработените од административно-техничкиот персонал, кои обезбедуваат административна поддршка на последипломските студии, докторските дисертации и нострификации на дипломите стекнати во странство, како и на комисијата за прием на студенти им припаѓаат 20% од уплатите на кандидатите. По тој основ исплатени се 1.967 илјади денари на административно техничкиот персонал (секретар на Факултетот, раководител на отсек за сметководствено и финансово работење, раководител на отсек за општи, правни и персонални работи, и други вработени во Стручната служба на Факултетот), како и на деканот и продеканите.

Поединечните исплати не се поткрепени со одлуки на Наставно-научниот совет за учеството на административно-техничкиот персонал во поединечните комисии, туку со дискрециони решенија на деканот на Филолошкиот факултет, поради што ревизијата изразува сомневање во оправданоста на овие расходи. Покрај тоа, оваа практика ги прекршува одредбите на наведениот Правилник, бидејќи не само административно-техничкиот персонал, туку и членови на Деканската управа се корисници на уплатите остварени од наведените основи.

11.2.4. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази за објективноста на потребата од ангажирање на демонстратори и надворешни предавачи за изведување на настава/вежби на додипломските студии, за што се исплатени 4.175 илјади денари, поради непостоење критериуми за нивно вклучување во наставата. Имено, Факултетот нема утврдено неделен фонд на часови за наставниците и соработниците, над кој би било оправдано нивното ангажирање. Исто така од прегледите на планираната ангажираност на наставниците и соработниците не може да се утврди реалното надминување на максимално пропишаниот неделен фонд на часови (Утврден со Одлука на Деканската управа) за ангажираност на наставниците, соработниците и другите лица вклучени во изведувањето на наставата/вежбите по одделни предмети. Ваквиот начин на прикажување на ангажираноста во фазата на планирање може да има за ефект повеќекратно прикажување на часовите кај наставниците, соработниците и другите лица вклучени во наставата.

11.2.5. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во точноста на исплатениот износ од 45.739 илјади денари за надоместоци (за зголемен обем на работа на вработените, за предавања на додипломски и последипломски студии, стручно-консултативни услуги и сл.), реализирани преку Македонска авторска агенција и Авторско правно биро на РМ. Филолошкиот факултет со истите има склучено договори според кои авторските агенции посредуваат при исплатата на надоместокот и правилното пресметување и уплатување на обврската за персоналниот данок на доход во име на физичките лица, за што наплатуваат застапничка провизија. Поради исплати по фактури во бруто износ, без соодветна спецификација од која може да се утврди основата за пресметување на персонален данок од доход/агенциската провизија/обврската за ДДВ, а во отсуство на физички доказ за извршената контрола од страна на одговорните лица, ревизијата не се увери дека Факултетот го плаќа персоналниот данок во висина во која што е извршена уплатата од страна на агенциите во име на физичките лица. Исто така не се увеtoday дека од страна на агенциите се врши правилно разграничување на приходите од авторски права и останати приходи, и дали правилно е утврден нето приходот како основица за пресметување на персонален данок од авторски права, односно нормираните трошоци потребни за нивно остварување. Исплатата на фактури без извршена контрола може да има за последица неправилно пресметување и уплатување на обврската за персонален данок на доход за што Факултетот има расходи за застапничка провизија.

.

**Препораки:**

1 Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ да преземе мерки и активности за навремено склучување договори за изведување настава на нематичните факултети, а Филолошкиот факултет да обезбеди навремено фактурирање за изведената настава по странски јазици на нематичните факултети.

2 Комисијата за утврдување варијабилен надоместок треба да ги зајакне механизмите за контрола на пријавувањето на часовите по предмети (активни, пасивни), број на групи и вкупен неделен фонд на часови на годишно ниво со што ќе обезбеди дека збирот на часовите на наставниците и соработниците ангажирани на ист предмет не го надминува вкупниот фонд на часови настава за предметот. Истото треба да се постигне преку воведување на евиденција на фактички одржаните часови по предмети .

Исплатите за зголемениот обем на работа на наставничкиот и соработничкиот кадар да се вршат исклучиво за часовите кои го надминуваат нормираниот обем на работни задачи. Притоа, треба да се земат предвид само бројот на часови од активни предмети во семестарот, а предметите за кои наставата е од менторски карактер (5 или помалку студенти во групата) пониско да се вреднуваат.

3 Исплатата на надоместок од приходите остварени по основ на последипломски студии, докторски дисертации и нострификации на дипломи стекнати во странство за административно-техничкиот персонал може да се врши само за лицата кои со одлука на Наставно-научниот совет се вклучени во составот на поединечните комисии.

Исто така, ревизијата препорачува од овој вид приходи да се обезбеди поголемо зафаќање на средства за покривање на материјалните трошоци на Факултетот за унапредување и осовременување на наставно-образовниот процес.

4 Деканската управа на Факултетот да утврди максимален неделен фонд на часови (на годишно ниво) за наставникот, односно соработникот, над кој

постои оправданост од вклучување на демонстратори и надворешни предавачи за изведување на настава/вежби на додипломските студии.

5 Со оглед на кадровската екипираност на отсекот за сметководствено и финансово работење обврската за пресметување и уплатување на персоналниот данок да се врши од страна на вработените во отсекот со што ќе се отстрани ризикот од неправилно пресметување и уплатување на персоналниот данок и ќе се намалат расходите на Факултетот за исплата на провизии на авторските агенции.

## 11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.3.1. Спротивно на Усогласениот ценовник кој што во согласност со Законот за високо образование е донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование од студентите на Филолошкиот факултет Скопје наплатувани се надоместоци за образовни и административни услуги и по основи кои што не се утврдени во Ценовникот или истите се наплатувани во повисок износ од утврдениот со што Факултетот неосновано остварил приходи во износ од 6.710 илјади денари по следните основи:

- средства во висина од 2.500 денари што ги уплатувале студентите при упис во прва година за прирачник, книжен фонд електронски индекс и слично во вкупен износ од 2.214 илјади денари;
- надомест за книжен фонд и солидарна одговорност во висина од 850 денари што ги уплатувале студентите при упис во втора, трета и четврта година во вкупен износ од 2.377 илјади денари;
- издавање на уверение за положени испити во износ од 610 илјади денари;
- уписнина во висина од 8.000/10.000 денари за студенти кои што го изгубиле правото на студирање, во износ од 758 илјади денари;
- доквалификација за наставна насока, во износ од 176 илјади денари;
- полагање контролен испит по странски јазик, во износ од 169 илјади денари;
- за бришење на квадрат, во износ од 102 илјади денари
- заверка на семестар без два потписа, во износ од 25 илјади денари.
- промена на статус на студент од редовен во вонреден, во износ од 246 илјади денари;
- запишување или заверка на семестар после рокот, во износ од 33 илјади денари.

11.3.2. Спротивно на Одлуката за распределба на средствата уплатени од странските државјани-студенти на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ Скопје според која 35 % од уплатените средства се распоредуваат на факултетите на кои студираат странските државјани, погрешно уплатените средства од 5 странски студенти не се уплатени на сметката на Ректоратот иако за истите лица е префрлена школарина за 2007 година, со што Факултетот неосновано остварил приходи во износ од 355 илјади денари;

11.3.3. За изведување на подготвителна настава за приемен испит што според Законот за високо образование и Статутот на Факултетот не може да се подведе под високообразовна дејност на факултетот наплатувани се по 3.000 денари поради што остварените приходи во износ од 255 илјади денари се неосновани;

11.3.4. Спротивно на Законот за извршување на буџетот кај Филолошкиот факултет Скопје утврдено е ненаменско трошење на буџетски средства во вкупен износ од 3.137 илјади денари во следните случаи:

- покрај исплатата на месечен надоместок за зголем обем на работа на сите вработени, врз основа на Одлука бр. 02-1397/1 од 28.11.2007 година на 156 вработени на Филолошкиот факултет по повод патрониот празник на Факултетот исплатен им е надоместок во бруто износ од 2.228 илјади денари заради реализација на многубројни работни обврски во текот на 2007 година. Исплатата се образложува со:„ континуирано зголемениот обем на работа за реализација на активностите и организација на планот и програмата за работа на деканот, продеканите и Стручната служба на Факултетот, зголемените активности во врска со организација и реализација на програмата за имплементирање на ЕКТС системот и усогласување на студиските и предметните програми по ЕКТС, воведување на електронскиот индекс, изведување на обука за вработените како и изработка на акти и правилници за обавување на основната дејност на Факултетот„. За истите основи на 18 вработени на Факултетот (декан, продекани, секретар на Факултетот, раководител на отсек за сметководствено и финансово работење, раководител на отсек за општи, правни и персонални работи, раководител на отсек за студентски прашања и 10 останати вработени во Стручната служба на Факултетот), дополнително им се исплатени 375 илјади денари во бруто износ;
- за консултативни услуги за реализација на одлуките од издавачкиот совет на 9 лица (декан, продекан, раководител на отсек за сметководствено и финансово работење, раководител на отсек за општи, правни и персонални работи и 5 други лица од Стручната служба) исплатени се 169 илјади денари во нето износ;
- за консултативно-стручни услуги за изработка на пописен елаборат исплатени се 120 илјади денари во нето износ на две лица (раководител на отсек за сметководствено и финансово работење и еден вработен во Стручната служба на Факултетот);
- за учество во реализација на постапки за јавни набавки на лица кои не се членови на комисијата за јавни набавки (секретар на Факултетот, раководител на отсек за сметководствено и финансово работење и 5 други лица од Стручната служба), исплатени се 245 илјади денари

**Препораки:**

1 Деканската управа на Филолошкиот факултет да обезбеди примена на Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи донесен од страна на Советот за развој и финансирање на високото образование.

2 Одговорниот сметководител на Филолошкиот факултет да обезбеди погрешно уплатените средства на сметката на Факултетот да бидат пренасочени на соодветната уплатна сметка на Универзитетот „Св Кирил и Методиј„ Скопје.

3 Деканската управа да донесува одлуки за исплата на средства доколку постои законска основа за нивна исплата и истите во преамбулата да повикуваат на законот што дава основа за исплата, а не исклучиво на членот од Статутот кој што и дава право на Деканската управа да донесува одлуки.

12. Според наше мислење, а поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.2. ние не изразуваме мислење за резултатот од финансиските активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" , Филолошки факултет „Блаже Конески„ Скопје - Сметка за приходи од самофинансирачки активности за 2007 година согласно со важечката законска регулатива, додека Билансот на состојба ја претставува вистинито и објективно, според сите значајни аспекти, финансиската состојба на ден 31 декември 2007 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.3. кај Универзитет „Св. Кирил и Методиј" , Филолошки факултет „Блаже Конески„ Скопје - Сметка за приходи од самофинансирачки активности не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

    **Обрнуваме внимание** дека во постапка за јавна набавка спроведена од страна на Универзитетот, избрана е агенцијата за истрага и обезбедување на имот и лица – Секурисат ДОО - Скопје со која Универзитетот и сите факултети потписници склучиле договор за обезбедување на имотот на Универзитетот. Избраниот понудувач не можел да отпочне со работа поради тоа што Агенцијата за обезбедување на имот и лица-Комета No 1 продолжила да ги дава услугите и покрај истекот на договорот (4.07.2007година) и фактот што не учествувала на објавениот тендер. Поради неповлекувањето на Комета од просторот на Универзитетот Филолошкиот факултет продолжил со исплата по истекот на договорот за што во 2007 година се исплатени 176 илјади денари, а заклучно со август 2008 година се исплатени 282 илјади денари, што упатува на незаконски исплатени средства во вкупен износ од 458 илјади денари.

Скопје, 27.02.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 83,515 | 80,249 |
| Трансфери и донации | 25,065 | 25,022 |
| **Вкупно приходи** | **108,580** | **105,271** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 18,412 | 20,176 |
| Стоки и услуги | 58,112 | 47,386 |
| Субвенции и трансфери | 313 | 406 |
| **Вкупно тековни расходи** | **76,837** | **67,968** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 7,512 | 16,999 |
| **Вкупно капитални расходи** | **7,512** | **16,999** |
| **Вкупно расходи** | **84,349** | **84,967** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **24,231** | **20,304** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 24,408 | 20,148 |
| Побарувања | 73 | 18 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 119 |
| Активни временски разграничувања | 1,535 | 1,471 |
| **Вкупно тековни средства** | **26,016** | **21,756** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 29,697 | 23,377 |
| **Вкупно постојани средства** | **29,697** | **23,377** |
| **Вкупна актива** | **55,713** | **45,133** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 26 | 26 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 17 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 156 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,535 | 1,455 |
| Пасивни временски разграничувања | 24,172 | 20,133 |
| **Вкупно тековни обврски** | **25,889** | **21,631** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 29,824 | 23,502 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **29,824** | **23,502** |
| **Вкупна пасива** | **55,713** | **45,133** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **23,502** | **-** | **23,502** |
| **Зголемување по основ на:** | **7,410** | **-** | **7,410** |
| Набавки | 7,410 | - | **7,410** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **1,088** | **-** | **1,088** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 1,088 | | **1,088** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **29,824** | **-** | **29,824** |